SB Restricted

Стопанска банка АД - Скопје

Деловник на Собрание на акционери

Мај 2026 година

Содржина

1 Општи одредби 2
2 Свикување на седници на Собрание на акционери 3
2.1 Годишно Собрание 3
2.2 Вонредно Собрание на акционери 3
2.3 Посебно Собрание и издвоено гласање 3
2.4 Свикување на Собрание 4
2.5 Јавен повик 4
2.6 Дневен ред 5
2.7 Информации достапни на денот на објава на Јавниот повик 6
2.8 Пријава за учество на акционерите на седница на Собрание на акционери 6
2.9 Полномошно 6
3 Начин на работа 7
3.1 Тела на Собрание 7
3.2 Присуство 8
3.3 Кворум 9
3.4 Дискусии 9
3.5 Гласање 10
3.6 Носење одлуки 12
4 Работи пост одржување на седница 12
4.1 Записник 12
4.2 Објави 13
5 Одговорности на Собранието 14
6 Завршни одредби 15
Историјат на измени 0

1 Општи одредби

(1) Деловник на Собранието на акционерите на Стопанска банка АД – Скопје (во натамошниот текст: СА; СБ и/или Банката; и Деловникот) го регулира начинот на работење на Собранието на акционери на Стопанска банка АД – Скопје како највисоко тело составено од сите акционери на Банката. Секоја работа која не е регулирана во овој Деловник ќе се врши во согласност со релевантните закони и прописи.

(2) Собранието на акционери го донесува својот Деловник за работа со мнозинство гласови од обичните акции со право на глас застапени на состанокот на Собранието.

(3) Со цел да се осигура дека акционерите на Банката ги остваруваат овластувањата согласно законите, зајакнувајќи ја понатаму управната структура на Банката, Деловникот се подготвува во согласност со националното законодавство и е усогласен со внатрешните акти на СБ (како статутот на СБ, Кодексот за корпоративно управување на СБ и Внатрешната регулатива на СБ).

(4) Сите акционери, нивните полномошници и вработените во СБ вклучени (директно или индиректно) во активностите на СА ќе ги почитуваат овие Правила и нема на ниту еден начин да ги нарушуваат законските права и интереси на акционерите.

(5) Организацијата, логистиката и другите активности поврзани со Собранието на акционерите се под одговорност на Кабинетот на Претседателот на Управен одбор и секое друго лице(а) назначено(и) од Генералниот извршен директор. Сите вклучени во подготовките на Собранието на акционерите кои имаат пристап до доверливи информации се обврзани да ги третираат ваквите податоци како доверливи.

(6) Сите акционери се обврзани да ги чуваат како деловна тајна сите податоци утврдени како доверливи и ваквите податоци не смеат да се обелоденуваат на неовластени лица или на јавноста. Прашањето на доверливоста и правото на информации на акционерите се регулираат во повеќе детали под посебен дел подолу.

(7) Акционер во СБ може да биде секое домашно или странско физичко или правно лице кое стекнало акции во согласност со законот. Правата на акционерот се стекнуваат со уписот во Акционерската книга на СБ. Акционерската книга на СБ се води во Централниот депозитар за хартии од вредност.

(8) Банката ги гарантира сите права на акционерите согласно законите, Статутот на Банката, Деловникот на Собранието на акционерите и одлуките за издавање на акциите. Акциите што даваат исти права сочинуваат ист род акции. Сите акционери од ист род имаат еднакви права и се третираат подеднакво. Банката гарантира придрижување кон принципот „една акција – еден глас“.

(9) Акционерите на СБ не се одговорни за обврските на СБ, освен во случаите експлицитно предвидени во законите и Статутот на СБ.

2 Свикување на седници на Собрание на акционери

(1) Собранието на акционери заседава на состаноци кои се одржуваат еднаш годишно (Годишно собрание на акционери) или по потреба, по барање на акционерите (Вонредно собрание на акционери).

2.1 Годишно Собрание

(1) Редовното Годишно Собрание на акционери се свикува со цел акционерите да го разгледаат корпоративното управување, да ја одобрат работата на членовите на Управниот одбор и Надзорниот одбор, да ја разгледаат и усвојат годишната сметка, да ги одобрат финансиските извештаи и годишниот извештај за работењето на СБ од претходната фискална година и да решаваат по прашањето на распределбата на добивката или загубите од фискалната година, како и да решаваат по било која друга работа вклучена во дневниот ред.

(2) Годишното собрание на акционерите (во натамошниот текст: Годишно собрание) се свикува со одлука на Надзорниот одбор за свикување на собрание на акционерите, најдоцна до крајот на мај во календарската година, или, како исклучок утврден во законите, пред истекувањето на девет месеци од календарската година.

(3) Ако Надзорниот одбор не го свика годишното собрание во законски пропишаниот период, независните членови на Надзорниот одбор веднаш го свикуваат Годишното собрание со посебна одлука. Ако Годишното собрание не биде свикано и од независните членови, Судот, по предлог на било кој акционер, може да донесе одлука за свикување на состанокот.

(4) Со одлуката за свикување на Годишното собрание се утврдува датумот, часот, местото на одржување на состанокот, начинот на работење, предложената Агенда и сите други информации потребни согласно законите.

2.2 Вонредно Собрание на акционери

(1) Покрај Годишното собрание кое е задолжително согласно закон, Банката може да свика и Вонредно Собрание на акционери (понатаму: Вонредно Собрание) кога тоа го налаат интересите на Банката и по барање на акционерите.

(2) Одлуката за свикување на Вонредно Собрание се донесува од Надзорниот одбор по сопствена иницијатива или по барање на акционерите, кога за тоа има потреба во согласност со законските одредби.

2.3 Посебно Собрание и издвоено гласање

(1) Банката може да свика „посебно собрание“ или „одвоено гласање“ на Годишното или Вонредното собрание на акционери, со цел да одлучува по прашање кое изискува согласност од акционерите кои го претставуваат соодветниот род на акции доколку се засегнати правата од тој род на акции.

2.4 Свикување на Вонредно Собрание

(1) Барање за свикување собрание можат да поднесат акционери кои имаат најмалку една десеттина од сите акции со право на глас, во писмено, до Надзорниот одбор. Во барањето што го поднесуваат по писмен пат, акционерите кои бараат свикување собрание мораат да ги наведат целта и причините за свикувањето на собранието, своето име и презиме, местото на живеење и ЕМБГ, односно фирмата, седиштето и ЕМБС ако акционерот е правно лице. Кон барањето акционерите доставуваат и извод од акционерската книга издадена од Централниот депозитар за хартии од вредност во којшто е наведен бројот на акциите со право на глас коишто ги поседуваат во друштвото. Во случај да се одлучува по прашање кое ги засега правата на одреден орд на акции, свикување посебно собрание или одвоено гласање можат да побараат акционери кои имаат најмалку една десеттина од вкупниот број на акциите кои можат да учествуваат во гласањето за донесување одлука за согласност.

(2) Барањето се поднесува до Надзорниот одбор, преку Кабинетот на Претседателот на Управниот одбор. Во рок од 8 дена од денот на примање на Барањето за свикување на Собрание на акционери, Надзорниот одбор одлучува дали ќе ја прифати или одбие иницијативата/барањето, образложувајќи ги причините за одлуката.

(3) Ако по барањето на акционери кои имаат мнозинство од сите акции со право на глас, Надзорниот одбор не свика собрание во рок од 24 часа од денот на поднесувањето на барањето, акционерите можат да поднесат предлог за свикување собрание до судот.

2.5 Покана или Јавен повик

(1) Собранието се свикува со објава на Јавен повик до акционерите во најмалку еден дневен весник, на половина страница во најмалку еден дневен весник што излегува на целата територија на Република Северна Македонија, на веб страницата на Македонска берза и на веб страницата на СБ, согласно Законот за трговски друштва и Статутот на СБ.
(2) Собранието на акционери може да се свика и со праќање покана до сите акционери чиишто акции им даваат право на учество во работата на собранието коешто се свикува. Поканата се испраќа според изводот од акционерската книга, којшто не е постар од три дена до денот на испраќањето на поканата. Испраќањето на поканата се врши на начин којшто овозможува да се потврди датумот кога е испратена и датумот кога е примена од секој акционер.
(3) Рокот којшто тече од денот на објавувањето на јавниот повик, односно од денот на испраќањето на поканата за учество на собранието до денот на одржувањето на собранието не може да биде пократок од 30 дена до денот на одржувањето на собранието.

(4) Поканата, односно јавниот повик за свикување собрание ги содржи најмалку следниве податоци:
- Датумот, часот, и локацијата на одржување на Собранието,
- Начинот на кој акционерите учествуваат и гласаат на Собранието,
- Начинот на вклучување или предлагање нови точки по Дневниот ред,
- Начинот на поставување прашања,
- Временскиот период за опишаните активности,
- Другите процедурални формалности, пропишани со статутот, што се од значење за присуството на собранието и за начинот на гласање;
- Дневниот ред според кој ќе работи собранието и
- начинот на којшто се достапни материјалите што се подготвени за собранието кое што е свикано.

(2) Собранието ќе се одржи во Централата на СБ или друга локација која е соодветна за одржување на Собрание на акционери, односно во време и место кое по најмалку можно трошоци и потешкотии ќе биде пригодно за акционерите. Во случај да седницата се свика со кореспонденција, акционерите не присуствуваат со физичко присуство.

2.6 Дневен ред

(1) Собранието може да одлучува само за прашања коишто се уредно ставени на дневен ред. Собранието може да расправа, без право на одлучување, и за прашања коишто не се уредно ставени на дневен ред..

(2) Секој акционер има право во кое било време да поднесува иницијатива за вклучување точки во дневниот ред на собрание коешто ќе биде свикано. Иницијативата се поднесува до Надзорниот одбор. Надзорниот одбор има дискреционо право да одлучува по иницијативата.

(3) Акционери кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас можат да предложат дополнување на дневниот ред со барање за вклучување нови точки ако истовремено приложат и образложение за предложената точка за дополнување на дневниот ред или ако предложат одлука по предложената точка. Барањето за вклучување на една или повеќе точки во дневниот ред на собранието коешто е свикано и/или предлагањето на одлуки за усвојување се испраќа до Надзорниот одбор во рок од осум дена од денот кога е испратена поканата, односно од денот кога е објавен јавниот повик за одржување на седница на собранието на друштвото. Барањето за вклучување една или повеќе точки во дневниот ред на свикано собрание, Надзорниот одбор го испраќа до сите акционери, односно го објавува на ист начин на којшто ги испратил поканите, односно на којшто го објавил јавниот повик за учество на свиканото собрание, најдоцна осум дена пред денот на неговото одржување.

(4) Барањето за вклучување една или повеќе точки во дневниот ред на собрание коешто е свикано не може да се одбие, освен во случаите:
- ако акционерот, односно акционерите го пропуштиле рокот од ставот (6) на овој член;

- ако акционерот, односно акционерите не поседуваат доволен број акции со право на глас во друштвото, во согласност со ставот (4) од овој член
- ако предлогот не ги исполнува другите услови предвидени со овој закон и
- ако точката, односно точките коишто се бара да бидат вклучени во дневниот ред на собранието не спаѓаат во надлежност на собранието или не се во согласност со закон и со статутот.

Ако Барањето не е вклучено во Дневниот ред без оправдани причини, Собранието на акционери го задржува правото да донесе крајна одлука за прашањето при прифаќање на Дневниот ред.

(5) Во случај на дополнување на Дневниот ред, истиот ќе биде објавен на ист начин како при свикување на Собранието на акционери.

2.7 Информации достапни на денот на објава на Јавниот повик

(1) Во законски предвидените рокови, на официјалната интернет страница на СБ, најмалку следните информации треба да се објават

- Јавниот повик,
- Вкупниот број на акции и вкупниот број на акции со право на глас од секој род и класа,
- Релевантни материјали согласно Дневниот ред,
- Предложени точки или одлуки од акционерите, доколку се поднесени,
- Електронски урнек за гласање.

(2) Јавниот повик, заедно со материјалите од Собранието на акционери, се објавуваат и на интернет страницата на Македонска берза.

(3) Акционерите имаат право да ги разгледаат и подигнат материјалите за седницата на Собранието на акционери во Централата на СБ (Кабинет) од денот на објавување на јавниот повик.

2.8 Пријава за учество на акционерите на седница на Собрание на акционери

(1) Секој акционер на СБ има право да учествува лично или преку полномошник на седницата на Собранието на акционери и ги ужива сите акционерски права, согласно закон.

(2) Секој акционер кој има намера да учествува на свикано собрание треба да го пријави своето учество на собранието (пријава за учество на собранието) најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното собрание до Кабинетот на Претседателот на Управен одбор.

2.9 Полномошно

(1) Акционер може да овласти со полномошно друго физичко или правно лице како свој полномошник на седница на собрание на друштво (во натамошниот текст: полномошник), коешто ќе учествува и ќе гласа на седницата на собранието во негово име. Полномошникот ги ужива истите права, како и акционерот од кого е овластен со полномошното, вклучително да се јави за збор, да води дискусија и да поставува прашања на седницата на собранието на друштвото..

(2) Акционерите треба веднаш да го известат друштвото за секое полномошно дадено во писмена форма. Акционер кој нема да го извести друштвото за даденото полномошно ќе се смета дека не го дал полномошното.

(3) Со објавата на Јавниот повик, Банката објавува урнек – Полномошно акционерите може да го превземат електронски. Ако поради било која причина акционерот не го користи урнекот, Банката ќе прифати и други форми на ополномошнување.

(4) Акционерот нема обврска да го завери полномошното на нотар. Банката може да бара утврдување на личниот идентитет на акционерот како услов за уважување на полномошното, односно за верификација на инструкциите за гласање ако такви му се дадени на полномошникот.

(5) Друштвото не смее да ги ограничува лицата да бидат полномошници на собрание, освен кога кај нив постои состојба на конфликт на интерес во смисла на членот 392-а од Законот за трговски друштва.

(6) Секој акционер има право да учествува и гласа на седница на Собранието на акционери, лично или преку полномошник. СБ нема да поставува никакви дополнителни критериуми за учество и гласање на седница, освен оние кои ги налагаат законите.

3 Начин на работа

(1) Банката ќе превземе безбедносни мерки, како и систем за контрола на влез на седницата, со цел да обезбеди безбедно учество на присутните и уредно течење на седницата.

(2) Кога е потребно, Банката ќе обезбеди симултан превод на исказите дадени на јазик различен од официјалниот јазик на Република Северна Македонија.

3.1 Тела на Собрание

(1) Акционерите избираат:
- Претседавач со Собранието,
- Записничар, и
- Бројач на гласови.

(2) Со седницата на собранието претседава претседавач (во натамошниот текст: претседавач со собрание). Претседавачот со собранието го определува редоследот на работата и го одржува редот на седницата на собранието, а може да утврди и правила за водење на седницата на собранието. Претседавачот со собранието се избира за секое одделно собрание. Мандатот на претседавачот со собранието трае до изборот на претседавачот на наредното собрание коешто треба да биде одржано. За претседавач со собранието може да биде избран секој акционер или лице коешто застапува акционер. За претседавач со собранието не може да биде избран член на Управен одбор или Надзорен одбор.

3.2 Присуство

(1) Секој акционер на СБ кој е соодветно пријавен може да учествува на седница на Собрание на акционери.

(2) Пред почеток на седницата, се подготвува Список на пријавени акционери од страна на Кабинетот на Претседателот на Управниот одбор.

(3) Пред да се започне со седницата на Собранието на акционери, Претседавачот го споредува Списокот на пријавени акционери со Акционерската книга прибавена од Депозитарот на хартии од вредност 48 часа пред седницата.

(4) Пред да се започне со работа на закажаното собрание се пристапува кон потпишување на списокот, со што секој присутен го верификува своето присуство на презакажаното собрание. Потпишаниот список со свој потпис го заверува претседавачот со собранието и записничарот. По заверката на списокот, претседавачот со собранието го констатира присуството на пријавените акционери, односно на нивните полномошници, односно кворумот за работа на собранието.

(5) Заверениот список од ставот (4) на овој член им се дава на увид на сите учесници на собранието пред првото гласање. Секој верификуван учесник на собранието може да бара копија на потпишаниот список, на свој трошок, којшто не може да биде поголем од вистинскиот трошок.

(6) Членовите на Надзорниот одбор и Управниот одбор, како и претставник од надворешното ревизорско друштво ќе присуствуваат на Годишното Собрание на акционери со цел да бидат достапни на акционерите за прашања.

(7) Акционерите присутни на состанокот не смеат да го прекршат редот и дисциплината, безбедноста, како и сите правила за безбедност и здравје на СБ, за време и по состанокот на Собранието. СБ има право да ги преземе сите мерки во врска со Собранието и присутните лица, за заштита на безбедноста и особено почитување на

здравствените мерки и протоколи за превенција од заразни болести. Ако некое лице присутно во Собранието ги прекрши обврските од овој член, овластените лица на СБ ги предупредуваат, и ако продолжат да го прекршуваат или извршуваат грубо прекршување, овластените лица имаат право да ги отстранат од местото на Собранието.

3.3 Кворум

(1) Собранието може да работи (кворум за работа) ако на седницата присуствуваат верификувани учесници на собранието кои поседуваат најмалку мнозинство од вкупниот број на акциите со право на глас.

(2) Ако на собранието не се обезбеди кворумот од ставот (1) собранието не може да почне со работа. За време што не е подолго од 15 дена од денот за којшто е закажано одржувањето на собранието коешто немало кворум за работа се закажува нов термин за одржување на собранието (презакажано собрание) коешто и се одржува во овој рок. Новиот термин за одржување на презакажаното собрание се објавува на начин на којшто е објавено свикувањето на собранието коешто немало кворум за работа.

(3) На презакажаното собрание може да се одлучува само по прашањата утврдени во дневниот ред за првото свикување на собранието без оглед на бројот на присутните акционери и бројот на акциите што ги имаат. На презакажаното собрание не може да се одлучува за прашањата за коишто, според овој закон, се одлучува со поголемо мнозинство од мнозинството од кворумот од ставот (1).

3.4 Дискусии

(1) Претседавачот ќе даде збор на барање на акционер. Барањата за збор се даваат усно или писмено на претседателот, кога дискусијата ќе биде прогласена за отворена за точката од Дневниот ред. Лицето што бара збор има право да разговара само за предметот од точката. Во случај точката да се тргне од предметот на дискусија, претседавачот ќе му укаже и има право да го прекине.

(2) Кога претседавачот ќе утврди дека дискусијата за поединечни точки од Агендата е завршена, тој ќе предложи гласање за истата.

(3) Врз основа на завршената дискусија и пред гласањето на одредена точка, претседателот го формулира заклучокот во врска со точката за која треба да се гласа.

(4) Акционерите можат да поставуваат прашања за секоја точка од дневниот ред пред Собранието преку е-маил на e-mail адресата на Банката - sobranie@stb.com.mk, или лично. Ако е можно, во зависност од природата на прашањата, тие ќе бидат одговорени во Собранието.

(5) Ако некој учесник во Собранието не ги почитува правилата предвидени со овој Деловник, ги прекршува другите интерни акти или го попречува редот и водењето на

седницата, претседавачот има право да го опомени и да побара негово отстранување доколку е нужно за работењето на Собранието.

(6) Прашањата на акционерите се сметаат за одговорени ако одговорите се достапни на веб-страницата на Банката во формат на прашања и одговори. Одговорите на прашањата поставувани за време на или пред Собранието, објавени на веб-страницата на СБ, се достапни за период од најмалку пет години.

(7) Ако дојде до прекин на седница на собрание што започнало со работа, присутните акционери на седницата на собранието можат да одлучат собранието да продолжи со работа во време и место коешто се определува со мнозинство гласови од кворумот за работа на собранието. Одложувањето не може да биде подолго од осум дена од денот на прекинот. Ако дојде до прекин на седница на собрание што започнало со работа, а собранието не донело одлука за продолжување со работа, претседавачот со собранието го определува времето и местото на продолжувањето на прекинатата седница на собранието.

(8) Учеството на продолжувањето на прекината седница на собранието повторно не се пријавува. Акционерот кој не го пријавил учеството на собранието чијашто седница е прекината има право да го пријави своето учество пред почетокот на продолжената седницата според состојбата во акционерската книга. На почетокот од работата на продолжената седница на собранието се пристапува кон повторно потпишување на списокот на пријавените акционери, односно на полномошниците, со што секој присутен го верификува своето присуство на продолжението на прекинатата седница на собранието. Потпишаниот список, со свој потпис, повторно го заверуваат претседавачот со собранието и записничарот. По заверувањето на списокот претседавачот со собранието го констатира кворумот за работа на продолжението на прекината седница на собранието.

(9) Ако на продолжената седница на собранието нема кворум за работа или таа не се одржи во утврдениот рок, се закажува ново собрание според условите, начинот и постапката определени со статутот и релебнатните законски одредби.

(10) Одлуките донесени на собранието коешто по започнувањето со работа ја прекинало работата, без разлика на тоа дали ќе продолжи со работа, се сметаат за полноважни. На седницата на којашто собранието продолжило да работи, собранието расправа и одлучува само по точките коишто не се разгледувани и по коишто не е одлучувано

(11)

3.5 Гласање

(1) Одлуките на собранието на акционерите се донесуваат со мнозинство гласови присутни или претставени акционери на собранието на акционерите, освен ако законите или Статутот на СБ не предвидуваат поголемо мнозинство.

(2) Собранието на акционери донесува одлуки со најмалку 2/3 мнозинство од акционерите присутни или претставени на седницата, за следните работи:
- Зголемување / намалување на основниот капитал,
- Промена на име или седиште на СБ,
- Статусни промени,
- решавање на споровите меѓу акционерите на СБ, и
- прекинување на работењето на СБ.

Одлуката за измена и дополнување на Статутот ја донесува Собранието на акционери со мнозинство гласови од вкупниот број акционерски акции со право на глас.

(3) Ако со измените на Статутот се влијае врз какви било права кои произлегуваат од одреден вид акции, засегнатите акционери даваат согласност со донесување одлука за согласност со потребното мнозинство определено во законот и статутот на одделнаседница на овие акционери (посебно собрание) или на исто собрание со другите акционери но со одделно гласање (одвоено гласање)..

(4) Одлуките на Собранието на акционерите, вклучувајќи ги и одлуките за назначување или разрешување на членовите на Надзорниот одбор, се донесуваат со јавно гласање.

(5) Одлуките на Собранието на акционери се донесуваат со тајно гласање, по барање на еден или повеќе акционери кои поседуваат најмалку една десетина од вкупниот број акции со право на глас. Тајното гласање го спроведува Комисија за спроведување тајно гласање, избрана со одлука на Собранието. Комисијата се состои од најмалку три члена избрани од редот на акционерите. Акционер, односно кое било друго лице кое е член на органите на управување на Банката, член на Надзорниот одбор или претседавачот со собранието на кое се спроведува тајното гласање, не може да биде именувано за член на Комисијата. Комисијата за спроведување тајно гласање е должна да постапува непристрасно и правично, во согласност со закон.

(6)

(7) Лицето(ите) за проверка и лицето(ата) за пребројување на гласачките ливчиња за време на гласање се назначуваат од страна на претседателот. Лицето(лицата) кои ги проверуваат гласачките ливчиња се акционер(и). Резултатот од гласањето се објавува на Состанокот и се става во записник.

(8) По завршувањето на гласањето претседавачот ги информира акционерите за резултатите од гласањето, изјавувајќи податоци за тоа колку од присутните гласале за предлогот, колку се изјасниле против, и колку од нив се воздржале од гласање, односно не гласале.

(9) Кога Агендата ќе биде исцрпена, претседателот ќе го затвори состанокот на Собранието на акционерите. Ако во текот на еден ден Агендата не биде исцрпена, состанокот ќе биде запрен и продолжен на следниот ден.

(10) Акционерите можат да гласаат со писмена кореспонденција пред денот на Собранието. Пополнетиот формулар се поднесува во писмена форма и во оригинал во седиштето на СБ, лично, или по регистрирана пошта. Друштвото може да побара, акционерите да гласаат со писмена кореспонденција, заедно со пополнетиот формулар по дописен глас, да поднесат лични документи за идентификација во оригинал или копија, без да мора да ги нотаризираат или да ги потврдат од страна на домашен или странски надлежен орган. Друштвото го објавува крајниот рок за поднесување на пополнети формулари за гласање на својата веб-страница. Доколку акционерите или нивните полномошници го пропуштат крајниот рок за гласање со допис, тие имаат право да присуствуваат лично на Собранието, ако соодветно се регистрираат за учество.

(11) Акционерот кој гласал по пат на писмена кореспонденција може лично да присуствува на седницата на Собранието. Меѓутоа, доколку акционерот сака да гласа лично на седницата, истиот е должен писмено да го повлече гласањето со писмена кореспонденција пред започнување на седницата на Собранието. Доколку акционерот не достави писмено известување за повлекување на гласањето со кореспонденција, ќе се смета дека важи гласањето по пат на писмена кореспонденција.

(12)

3.6 Носење одлуки

(1) Претседателот на собранието на акционерите ги потпишува одлуките и другите документи усвоени од Собранието на акционерите.

(2) Надзорниот одбор, Управниот одбор и засегнатите организациски делови се обврзани да ги почитуваат и имплементираат одлуките на Собранието на акционери.

(3) Одлуките донесени од Собранието на акционери и Прашањата и Одговорите се објавуваат на веб-страницата на СБ и остануваат достапни најмалку 5 години.

4 Активности по одржување на седница

4.1 Записник

(1) Се води Записник за седницата на Собранието на акционери, согласно закон.

(2) Членовите на Управниот одбор и Надзорен одбор или претседателот на Собранието не можат да бидат избрани како записничари.

(3) Записникот ќе биде подготвен во рок од 8 дена од денот на одржувањето на Собранието, односно во рок од 3 дена, кога истиот го води Нотар, и се потпишува и верификува од Претседавачот, согласно закон. Записникот содржи податоци за:

1) фирмата и седиштето на друштвото;
2) датумот, времето и местото на одржувањето на собранието;
3) името на претседавачот со собранието, односно името на записничарот и имињата на членовите на комисијата за гласање, ако се избираат;
4) дневниот ред на собранието;
5) бројот на присутните акционери, односно полномошниците на акционери и кворумот за работа;
6) расправата водена на собранието;
7) значајните настани на собранието, како и поднесените предлози;
8) одлуките, бројот на гласови „за“ и „против“ и бројот на воздржаните гласови и
9) оградувањата, односно противењата на акционер, член на органот на управување, односно на надзорниот одбор против некоја одлука ако е изјавено оградување, односно противење.

(4) Секој акционер може да побара од Надзорниот одбор дигитална или печатена копија од Записникот.

(5) Записникот и прилозите се чуваат најмалку 10 (десет) години. Состанокот на Собранието на акционерите може да биде снимен, за целита на подготовка на Записникот, при што ваквиот податок ќе биде зачуван не повеќе од 1 година.

(6) Кога Собранието на акционери одлучува за промена на податоци кои, согласно Законот за трговските друштва, се запишуваат во трговскиот регистар, записникот го составува нотар. Во случај кога записникот го составува нотар, истиот се изготвува најдоцна во рок од 3 (три) дена од денот на одржување на седницата на собранието и го потпишуваат нотарот и претседадавачот на Собранието. Преписот од записникот го издава нотарот кој го составил записникот.

(7)

4.2 Објави

(1) Во период од 15 дена по седницата на Собранието на акционерите, Банката ќе ги поднесе записникот, материјалите и донесените одлуки до Народна банка.

(2) Во период од 15 дена по седницата на Собранието на акционерите, Банката ќе ги обелодени на својата веб-страница записникот од седницата, материјалите, сите донесени одлуки на седницата и резултатите од гласањето. Дополнително, одговорите на прашањата поставени од акционерите за време или пред одржувањето на седницата на Собранието ќе бидат објавени на интернет-страницата на Банката и ќе останат јавно достапни најмалку пет години.

(3)

(4) Во истиот период Банката ќе ги објави усвоените финансиските извештаи и мислењето на ревизорот во еден дневен весник,. Копија од објавените документи во весникот се поднесува до Народна банка во рок од 5 дена од денот на објавувањето на документите.

(5) Истиот ден или најдоцна во текот на следниот ден по седницата на Собранието на акционерите, Банката ги објавува сите донесени одлуки на веб-страницата на Македонската берза. При објавување на финансиските извештаи Банката дава коментар/објаснување за резултатите во согласност со член 40, став 4 од Правилата за котација на Македонската берза.

(6) Одобрените финансиски извештаи со годишниот извештај за работа на Банката, се доставува до Регистарот на годишни сметки при Централниот регистар најдоцна 30 дена од денот на нивното одобрување, но не подоцна од 30 јуни.

(7) Во рок од 15 дена од денот на одржувањето на седницата на Собранието на акционери, Банката е должна да ги објави законските обрасци на финансиските извештаи, без вклучување на сметководствените политики и објаснителните белешки, на начин утврден со закон, во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

(8)

5 Одговорности на Собранието

(1) Собранието на банката ги врши следниве работи:

- го усвојува статутот и измените и дополнувањата на статутот на банката;
- ги разгледува и усвојува годишниот извештај за работење на банката заедно со писменото мислење по истиот изготвено од страна на надзорниот одбор;
- го разгледува и усвојува извештајот на друштвото за ревизија и писменото мислење по истиот изготвено од страна на надзорниот одбор;
- ја усвојува годишната сметка и финансиските извештаи на банката;
- одлучува за употреба и распоредување на остварената добивка, или за покривање на загубите;
- одлучува за нова емисија на акции на банката;
- одлучува за статусни промени и за престанок на работење на банката;
- ги именува и разрешува членовите на надзорниот одбор;
- избира друштво за ревизија и одлучува по предлогот за раскинување на договорот со друштвото за ревизија
- одлучува за зголемување и намалување на основната главнина (основниот капитал);

- одлучува за промена на фирмата (називот) и седиштето на Стопанска банка АД – Скопје;
- одлучува за измена на правата поврзани со одредени видови и класи на акции;
- го донесува својот Деловник за работа и одлучува за негови измени и дополнувања;
- го одобрува Извештајот за работењето на Надзорниот одбор и го одобрува работењето на секој член на Надзорниот одбор поединечно;
- го одобрува работењето на секој член на Управниот одбор поединечно и
- одлучува и за други прашања од значење за работењето на банката предвидени со статутот на банката.

(2) Собранието на акционерите ги одобрува сите планови за наградување поврзани со акциите, во согласност со одредбите на законската и регулаторната рамка. Главните карактеристики на секој план се обелоденуваат на акционерите во моментот на објавување на Дневниот ред на седницата.

6 Завршни одредби

(1) За било кое прашање кое не е уредено со овој деловник или било која одредба од Деловникот не е усогласена со важечкото законодавство, Кодексот за корпоративно управување или Статутот на СБ, важечки ќе биде повисокиот акт.

(2) Корпоративниот секретар ќе обезбеди редовно ревидирање на Деловникот, но најмалку на две годишен период, со цел да биде обезбедено дека Собранието на акционери работи ефективно и согласно законите. Корпоративниот секретар ги предлага потребните промени за усвојување до Собранието на акционери.

(3) Деловникот за работа се објавува и на интернет страницата на СБ.

(4) Деловникот за работа на Собранието на акционери стапува на сила на денот на усвојувањето од страна на Собранието на акционери на Стопанска банка АД – Скопје. Со стапувањето на сила на овој деловник, престанува да важт Деловникот за работа на Собранието на акционери на Стопанска банка АД – Скопје (С.О. 481 / 31.05.2024).

_____

(име и презиме)

Претседавач на Собрание на акционери

(датум)

Историјат на измени

Верзија #	Подготвил	Одобрил	Ден на одобрување	Опис на измени
1	Кабинет	Собрание на акционери	11.05.2005	
2	Кабинет	Собрание на акционери	27.03.2008	Технички измени
3	Кабинет	Собрание на акционери	27.05.2011	Усогласување на Правилата со важечкото законодавство. Измените се поврзани со Дневниот ред на седниците, овластувањата, и други помали измени.
4	Кабинет	Надзорен одбор, Собрание на акционери	30.4.2024 31.5.2024	Нови Деловодник, кои ги вклучуваат одредбите од 2011 година но вклучуваат и многу подетално разработени одредби за работата на Собранието.
5	Кабинет на Генерален извршен директор – дирекција за корпоративно управување	Надзорен одбор, Собрание на акционери	27.04.2026 28.05.2026	Овој документ е ажуриран со вклучување на подетални одредби во одделни делови, усогласени со локалната регулатива, како и со помали текстуални подобрувања со цел зголемување на јасноста и конзистентноста.